ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
# ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА

01 2024 03 01

Скопје, јули 2024 година

Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии – Функции на државата на сметката на основен буџет (637) за 2023 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансискиот извештај за 2023 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансискиот извештај на Министерство за финансии – Функции на државата за 2021 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со закони и прописи.

Извршивме проверка на преземените мерки по дадената препорака содржана во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2021 година при што е констатирано дека дадената препорака не е спроведена.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби:

- само три од вкупно 18 општини на кои им се одобрени средства од постојаната резерва на Буџетот по основ на пријавени штети од елементарни непогоди согласно обврските предвидени во самите одлуки, доставиле Извештај за реализација на одобрените средства до Владата и Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди;
- одлуките на Владата за одобрување средства од раздел МФ - Функции на државата не секогаш се објавуваат во службеното гласило на државата;
- за остварување на целите на енергетска ефикасност на државата, во рамки на РБСМ основан е Фонд за енергетска ефикасност кој сеуште не започнал со извршување на своите надлежности поради не потпишан договор помеѓу Министерството за финансии и Фондот за енергетска ефикасност бидејќи Светска банка се уште нема дадено согласност;
- по основ на судски пресуди од 2022 година, тужените страни Република Северна Македонија и Општина Карпош се задолжени на тужителот солидарно да му ја надоместат утврдената штета во износ од 378.446 илјади денари. Во јануари 2023 година штетата во целост е исплатена со средства од МФ - Функции на државата, а до денот на ревизијата надлежните институции не преземале активности за поврат на средствата од Општина Карпош;
- истакнуваме за состојбите констатирани во Конечниот извештај за извршена ревизија на МФ - Функции на државата за 2021 година за кои иако е укажано на потребата од нивно надминување, истите и понатаму се актуелни а се однесуваат на:

- нецелосно прикажување на расходите во завршната сметка на разделот МФ - Функции на државата за 2023 година поради не прикажување на средствата за отплата на странскиот долг на Република Северна Македонија во износ од 38.890.521 илјади денари, а кои се искажани во Завршната сметка на Буџетот и
- неизвршен поврат на средства на Европската комисија поради нерегуларности при доделување на средства од ИПА фондовите утврдени од страна на ОЛАФ, а кои произлегуваат од слаби механизми на заштита на интересите на Република Северна Македонија при склучувањето на договорите.

Во делот на Останати прашања, истакнуваме дека е потребно допрецизирање на член 13 од Законот за Развојната банка на Северна Македонија со цел регулирање на правото на субвенционирање на камата од средства од Буџетот при задолжување на РБСМ кај надворешни кредитори.

Од страна на министерот за финансии, законски застапник на Министерство за финансии – Функции на државата доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и истите не се прифатени.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. Нагласување на прашања | 3 |
| 5. Останати прашања | 9 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 10 |
| 7. Опфат и ограничувања | 11 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 11 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 11 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 122 |
| Финансиски извештаи за 2023 | |
| Биланс на приходи и расходи | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 15 |
| Сметководствени политики | 16 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 16 |

Прилози

Прилог број 1 - Одлуки на Влада за одобрување на средства на општините од Буџетот за 2023 година од постојаната резерва на државата

Прилог број 2 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор

Прилог 3 – Забелешки на Нацрт извештај

Прилог 4 - Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Буџет | Буџет на Република Северна Македонија |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДП | Државно правобранителство на Република Северна Македонија |
| ЕУ | Европска унија |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| МФ - Функции | Министерство за финансии - Функции на државата |
| ОЛАФ | Европската канцеларија за борба против измама |
| РБСМ | Развојна банка на Северна Македонија |
| ЦУК | Центарот за управување со кризи |
| ФОНД | Фонд за енергетска ефикасност |

Поимник

| | |
|---|---|
| Зелена обврзница | Согласно Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024-2026, зелените обврзници се инструменти кои ќе бидат употребени за финансирање, нови и/или постојни зелени проекти. Овие обврзници се наменети за поттикнување и поддршка на проекти за унапредување и заштита на животната средина и се специјално наменети за финансирање на еколошки проекти. За разлика од постојните обврзници, зелените обврзници ќе се користат само за инвестициски проекти или за зелен развој и ќе бидат наменети за капитални расходи. Воведувањето на овој инструмент, на среден рок треба да помогне во развојот на финансискиот пазар.<br>На 03.10.2023 година за првпат е издадена првата Зелена обврзница во износ од 10 милиони евра, со каматна стапка 4,75 % и со рочност од 2 години. |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-115/29
Дата: 03.07.2024

## 1. Вовед

Во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија, како посебен буџетски корисник дефиниран е раздел 090.02 Министерство за финансии – Функции на државата преку кој се вршат следните активности:

- навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување;
- редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата;
- учество во капиталот на меѓународни финансиски институции;
- плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ) и
- покривање на штети од елементарни непогоди и финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година, предвидени со Законот за извршување на Буџетот за 2023 година.

Согласно член 6 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година[1], средствата од Основниот буџет на Република Северна Македонија во разделот 090.02 МФ - Функции на државата се користат без одобрување на финансиски план, а во случај кога Владата одобрува средства од наведениот раздел во разделот на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење).

[1]„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 282/22 и 207/23;

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансискиот извештај на страна 14 на МФ – Функции на државата, на сметката на основен буџет (637) за 2023 година, кој се состои од Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на МФ – Функции на државата за 2023 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансискиот извештај ги прикажува вистинито и објективно во сите материјални аспекти приходите и расходите на Министерство за финансии – Функции на државата на ден 31 декември 2023 година, на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на Министерство за финансии – Функции на државата за 2023 година, на сметката на основен буџет (637), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Согласно Законот за Буџетите[2], одобрените средства во постојана буџетска резерва се користат за отстранување на последици од: елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи. По основ на повеќе одлуки на Владата, од постојаната резерва на државата исплатени се средства во износ од 50.718 илјади денари на 18 општини, како парична помош за претрпена штета. (Прилог број 1 кон извештајот).

Согласно донесените одлуки, општините биле должни во рок од 30 дена од денот на добивање на средствата, до Владата и Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да достават Извештај за реализација на одобрените средства, а не распределените средства да ги вратат во Буџетот, согласно обврските предвидени со точка 4 од Одлуките.

Со увид во доставената документација, ревизијата утврди дека само 3 (три) општини доставиле Извештај за реализација на одобрените средства, додека за останатите 15 општини на кои им се доделени средства во износ од 39.817 илјади денари, од Владата бевме известени дека не добиле повратни информации, извештаи од корисниците на средствата.

На овој начин општините не оствариле отчетност пред Владата за наменско користење на доделените средства од постојаната резерва на Буџетот и не дале информација за неискористени средства.

Ревизијата смета дека е потребно одговорното лице на Министерството за финансии во координација со Владата да преземе мерки и активности општините на кои им е доделена парична помош од постојаната резерва на

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21;

Буџетот да достават Извештај за реализација на одобрените средства, а не искористените средства да ги вратат во Буџетот.

4.2. Во текот на 2023 година, Владата има донесено 28 одлуки за одобрување на средства од раздел МФ - Функции во вкупен износ од 827.865 илјади денари и тоа:

- За зголемување на главнината на две друштва во државна сопственост[3] во вкупен износ од 88.836 илјади денари;
- по основ на правосилни одлуки на Европскиот суд за човекови права во вкупен износ од 11.975 илјади денари;
- поврат на средства кон Европската комисија за утврдени нерегуларности од страна на ОЛАФ во износ од 38.791 илјади денари;
- исплата на средства од постојаната резерва на државата кон општини и буџетски корисници во износ од 56.718 илјади денари;
- исплата на средства во износ од 31.545 илјади денари од тековната резерва на државата и
- одобрени средства во вкупен износ од 600.000 илјади денари за Фондот за енергетска ефикасност.

Утврдивме дека одлуките врз основа на кои се исплатени овие средства, не се објавени во Службен весник на Република Северна Македонија што не е во согласност со член 3 точка 5 од законската регулатива[4] со која е пропишано дека уредбите, одлуките и другите акти на Владата се објавуваат во Службен весник на државата.

Не објавувањето на одлуките не обезбедува транспарентност на институциите како еден од принципите на добро владеење, односно информацијата не е лесно достапна за сите заинтересирани страни и пошироката јавност.

4.3. За остварување на целите за енергетска ефикасност и поддршка на политиките во областа на енергетиката, со Законот за енергетска ефикасност[5] предвидено е формирање Фонд за енергетска ефикасност. Во октомври 2023 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за Развојна банка на Северна Македонија[6], Фондот за енергетска ефикасност е основан како посебна организациона единица во рамки на РБСМ. Почетниот капитал на Фондот во износ од 15 милиони евра треба да биде обезбеден од државата - 10 милиони евра и 5 милиони евра - со средства од

---

[3] Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ и Трговско друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје;
[4] Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 21/21);
[5] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 110/21 и 236/22;
[6] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 209/23;

дел од заемот кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка[7] од 2021 година наменет за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Средствата од Фондот ќе се користат за поддршка на инвестиции за енергетска ефикасност преку одобрување на кредити, издавање гаранции и одобрување грантови по критериуми уредени со договор склучен помеѓу Владата и РБСМ.

За работата на Фондот, РБСМ има отворено посебна наменска сметка во НБРСМ, на која во декември 2023 година од МФ - Функции уплатени се средства во вкупен износ од 600.000 илјади денари односно 10 милиони евра обезбедени од Владата со издавање на „Зелени обврзници“. Средствата во износ од 5 милиони евра обезбедени преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор се уште не се префрлени на Фондот бидејќи согласно Договор за заем склучен помеѓу Република Северна Македонија и Светска банка, услов истите да бидат префрлени е потпишување на договор помеѓу Министерството за финансии и Фондот за енергетска ефикасност според услови одобрени од страна на Светска банка. До денот на вршење на ревизијата договорот е во нацрт верзија и сеуште се усогласува помеѓу договорните страни.

Ревизијата истакнува дека е потребно интензивирање на соработката помеѓу засегнатите страни за да може што побрзо Фондот да ги исполни своите цели: градење ефикасна и ефективна структура која треба да придонесе за економска и финансиска одржливост и да овозможи заштеда на енергија, зачувување на природните ресурси, како и намалувањето на загадувањето на животната средина

4.4. Врз основа на судски пресуди од 2022 година од Основен граѓански суд[8] и Апелационен суд[9], тужените страни Република Северна Македонија и Општина Карпош биле задолжени солидарно да му платат на тужителот платената купопродажна цена, надомест на штета (во кој вкалкулиран е данокот на промет на недвижности исплатен кон Град Скопје и трошоци за обезбедување на потребната документација), како и штета по основ на испуштена корист за што во јануари 2023 година, од Буџетот, раздел МФ - Функции исплатени се 378.446 илјади денари (257.276 илјади денари - главен долг по извршни исправи, 119.764 илјади денари - камати по извршни исплати и 1.406 илјади денари - трошоци по извршни исправи).

Министерството за финансии во јануари 2023 година со допис[10] го известило ДП Скопје дека исплатата во целост е извршена од средства од Буџетот, иако

[7] Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор „Службен весник на Република Северна Македонија” број 77/21;
[8] 53 ТС1 број 239/21 од 04.03.2022 година;
[9] ТСЖ-567/22 од 20.10.2022 година;
[10] број 09-680/2 од 25.01.2023 година;

пресудите упатуваат на солидарна исплата на утврдена штета. Од информациите добиени од државниот правобранител задолжен за конкретниот предмет, утврдивме дека од јануари 2023 година кога е извршената исплата до денот на вршење на ревизијата, ниту една институција нема преземено активности за поврат на средствата во Буџетот. ДП извести дека се чека исходот од изјавените ревизии до Врховниот суд на Република Северна Македонија против второстепената пресуда.

Истакнуваме дека на ден 03.04.2024 година донесена е пресуда од Врховниот суд на Република Северна Македонија[11], со која се одбиваат како неосновани ревизиите изјавени од тужените против второстепената пресуда[12] на Апелациониот суд Скопје во делот за раскинување на договорот за отуѓување на градежното земјиште, како и досудените износи за враќање на исплатената купопродажна цена и за надомест на обична штета, додека во делот за штета по основ на испуштена корист ревизиите на тужителот и тужените се враќаат на повторно судење пред второстепен суд.

Во текот на ревизијата од страна на Министерството за финансии доставено е писмо до ДП број 09-4093/1 од 22.04.2024 година со кое побарана е информација за преземените дејствија во однос на наплатата на делот од износот кој солидарно треба да го плати Општина Карпош.

Поради погоре наведеното ревизијата смета дека потребно е:

- да се интензивира меѓусебната комуникација и координација помеѓу Министерството за финансии, ДП и Општина Карпош како солидарен должник, со цел реализација на активности за поврат на средствата во Буџетот и
- ДП да ја испита можноста од преземање правни мерки за поврат на средства во Буџетот и од Град Скопје кој има остварено приходи од уплатени средства по основ на данок на промет на недвижности.

Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии – Функции на државата за 2021 година, обелодени состојби како

[11] РЕВ1-19/23 од 07.03.2024 година;

[12] Пресуда на Апелационен суд Скопје ТСЖ-567/22 од 22.10.2022 година;

несигурност во идните настани кои се актуелни и во 2023 година поради што истите повторно ги истакнуваме:

4.5. Во текот на 2023 година од Основниот буџет на Република Северна Македонија, раздел МФ - Функции на државата исплатени се средства во вкупен износ од 64.628.225 илјади денари и тоа за:

- отплата на камата и главнина по основ на странски и домашен долг - 56.410.874 илјади денари;
- финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од Европската Унија, освен средствата за национално кофинансирање на петтата компонента од ИПА - Рурален развој - 89.582 илјади денари и
- за други трошоци (трошоци за провизии за извршени отплати од девизна сметка за надворешен долг, плаќање по гаранции на државата согласно склучени договори за задолжување во странство) - 8.127.769 илјади денари.

Со увид во сметководствената евиденција и доставената документација, ревизијата утврди дека во завршната сметка на разделот МФ - Функции за 2023 година (Билансот на приходи и расходи) евидентирани се расходи во вкупен износ од 25.737.704 илјади денари за:

- отплата на камата и главнина по основ на домашен и странски долг - 19.084.232 денари и
- други трошоци - 6.653.472 илјади денари.

Преостанатите исплатени средства од разделот МФ - Функции во износ од 38.890.521 илјади денари не се искажани во завршната сметка, а се однесуваат на:

- отплата на камата и главнина по основ на странски и домашен долг - 37.326.641 денари;
- финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од Европската Унија, освен средствата за национално кофинансирање на петтата компонента од ИПА - Рурален развој) - 89.582 илјади денари и
- за други трошоци (трошоци за провизии за извршени отплати од девизна сметка за надворешен долг, плаќање по гаранции на државата согласно склучени договори за задолжување во странство) - 1.474.298 илјади денари.

Согласно член 6 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година уредено е дека овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена (без оглед на планираниот буџет за оваа намена). Средствата се искажани во завршните сметки на одделните буџетски корисници и не се искажани во завршната сметка на МФ - Функции на државата.

Причина за наведената состојба е воспоставениот апликативен софтвер, изработен во 2002 година како и воспоставената пракса исплатите кон

странство кои се вршат од девизната сметка на МФ за отплата на надворешен долг на РСМ, да се прикажуваат директно во Завршната сметка на Основен Буџет на РСМ, на раздел МФ - Функции на држава, како и во Завршната сметка на Буџетот на РСМ.

Имајќи го предвид член 3 од Законот за буџетите[2] каде е утврдена потребата од транспарентност на постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот, како и потребата од транспарентност на користењето на средствата од страна на буџетските корисници, ревизијата смета дека сите приходи и расходи, како и сите други приливи и одливи треба да бидат евидентирани во завршните сметки на буџетските корисници, согласно наплатата односно исплатата од соодветните раздели во Буџетот.

Наведеното е во прилог на непречена имплементација на новиот Закон за буџетите[13] чија примена ќе започне од 01.01.2025 година каде е предвидено дека Завршната сметка на Буџетот на државата содржи и Финансиски извештај за извршување на Буџетот кој ја следи структурата и содржината на буџетот и за чие изготвување ќе треба да се врши консолидација на планираните и реализираните приливи и одливи на сите буџетски корисници односно на сите предвидени раздели во Буџетот.

4.6. Согласно член 29 став 1 од Рамковната спогодба помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Северна Македонија во рамки на спроведување на помошта според ИПА склучена на 30.10.2007 година, секој докажан случај на неправилност или на измама, откриен во кој било период додека се спроведува помошта според ИПА или како резултат на некоја ревизија, ќе води кон враќање на средствата од корисникот Република Северна Македонија на Европската Комисија.

По спроведена истрага од страна на ОЛАФ утврдени се нерегуларности за правно лице од странство кое има склучено договор[14] во врска со проект финансиран преку ИПА 2007 – 2013. Поради утврдените неправилности, со Одлука на Владата[15], од разделот МФ – Функции на државата извршен е поврат на средствата кон Европската Комисија во износ од 36.937 илјади денари односно 600 илјади евра.

Како и во претходните години, и во текот на 2023 година Министерството за финансии има преземено активности за известување и доставување на целокупната документација во врска со настаната состојба до Основното

[13] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 203/22;
[14] Договор бр.12-8656/1 од 20 ноември 2015 година по тендерска постапка EuropeAid/135116/IH/SER/MK „Надградба на информацискиот систем за земјоделство и воспоставување системи за размена на податоци помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и другите релевантни институции";
[15] Одлука на Влада бр.41-6433/5 од 11.07.2023 година;

јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и до ДП, со цел поведување на постапки за поврат на средствата во Буџетот.

Заради заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија, ревизијата повторно ја истакнува потребата за:

- обезбедување на договорите за техничка помош со извршна клаузула со сила на нотарски акт и
- зајакнување на комуникацијата меѓу МФ и ДП со цел забрзано спроведување на активности за поврат на средствата во Буџетот и утврдување одговорност за настаната состојба.

## 5. Останати прашања

5.1. Со член 13 од Законот за Развојна банка на Северна Македонија[16], утврдено е дека за реализација на проектите и програмите на Владата, РБСМ одобрува: кредити; кредити со субвенционирана каматна стапка; издава гаранции од Гарантен фонд и одобрува кредити, издава гаранции и одобрува грантови од средствата на Фондот за енергетска ефикасност.

И во текот на 2023 година, врз основа на Одлуки на Владата[17], од Министерството за финансии на РБСМ префрлени се средства во износ од 149.300 илјади денари за субвенционирање на камата која ја должи РБСМ кон Европската инвестициона банка (ЕИБ) за заеми по основ на проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - 5 и 6 фаза и за КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – РБСМ за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно-капитализирани претпријатија.

За наведените проекти, од страна на Собранието на Република Северна Македонија донесени се три закони за гаранција[18] со кои државата го

[16] „Службен весник на Република Македонија“ број 105/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21 и 209/23);

[17] Одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза склучен меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“ број 21/14);

Одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза склучен меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија” број 88/20) и

Одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од финансискиот договор, ковид-19 одговор на Северна Македонија Развојна Банка на Северна Македонија АД Скопје наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно-капитализирани претпријатија, склучен меѓу ЕИБ и РБСМ АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на РБСМ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија” број 149/21);

[18] Закон за гаранција на РМ на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и МБПР („Службен весник на Република Македонија” број 188/13);

Закон за гаранција на РМ на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - V фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и МБПР („Службен весник на Република Македонија” број 163/18);

гарантира исполнувањето на обврските од финансиските договори за обезбедување на заемите.

Имајќи предвид дека со членот 3 во горе наведените закони за гаранција уредено е дека сите финансиски обврски кои произлегуваат од финансиските договори меѓу РБСМ и ЕИБ и сервисирањето на заемот ќе ги намирува РБСМ, ревизијата и понатаму ја истакнува потребата од доуредување односно допрецизирање на членот 13 од Законот за Развојна банка на Северна Македонија во насока на регулирање на правото на субвенционирање на камата од средства од Буџетот, при задолжување на РБСМ кај надворешни кредитори имајќи во предвид дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за Развојна банка на Северна Македонија[19] во 2023 година пропуштена е можноста за прецизирање на правото на субвенционирање на каматите.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2024 до 15.04.2024 година, кај Министерство за финансии – Функции на државата, на сметката на основен буџет (637) за 2023 година, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансискиот извештај – Биланс на приходи и расходи и за усогласеност со закони и прописи за 2021 година (претходна ревизија), при што е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораката дадена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 1-990/5 од 10.11.2022 година и утврдивме дека истата не е спроведена, а се однесува на начинот на исплата на средствата од Буџетот на РСМ за финансирање на законските обврски на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на изборен процес. (Прилог број 2).

---

и Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор, КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија” број 122/21);

[19] „Службен весник на Република Северна Македонија” број 209/23;

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфат на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот на Министерство за финансии – Функции на државата, застапувано од:

- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии од 30.08.2020 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако

поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерство за финансии – Функции на држава, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Министерство за финансии – Функции на државата одржан на ден 22.04.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на Др. Фатмир Бесими министер на Министерството за финансии, одговорно лице за МФ - функции на државата добиени се забелешки на Нацрт извештајот број 11-115/22 од 20.05.2024 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-115/29 од 19.06.2024 година. Забелешките се однесуваат на точките 4.2. алинеја 5 и 4.4. презентирани во делот Нагласување на прашања, на точката 1 од Прилог 2 -Известување за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 1-990/5 од 10.11.2022 година за Министерство за финансии – Функции на државата и на точка 1.1. од Писмото до раководство. Истите се разгледани и е утврдено дека две забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби, а преостанатите две не се прифаќаат поради недоставени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

Министерство за финансии - Функции на држава
сметка на основен буџет (637)
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 25.737.704 | 13.802.304 |
| **Вкупно приходи** | | **25.737.704** | **13.802.304** |
| Расходи | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.1 | 50.718 | 268.506 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 51.748 | 66.641 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.2.3 | 3.562.000 | 2.910.000 |
| Каматни плаќања | 3.2.4 | 6.754.870 | 3.844.045 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5 | 977.345 | 452.671 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **11.396.681** | **7.541.863** |
| **Капитални расходи** | **3.3** | **2.011.660** | **688.925** |
| **Отплата на главница** | **3.4** | **12.329.363** | **5.571.516** |
| **Вкупно расходи** | | **25.737.704** | **13.802.304** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar më: 19.06.2024
11-115/29

**Архивски број: 09-4894/2**
**Датум:__________.2024 година**
18-06-2024

**Numër arkivi: 09-4894/2**
**Data:__________.2024**

**До: Државен завод за ревизија Скопје**

**Drejtuar: Entit Shtetëror të Revizionit Shkup**

**Предмет: Мислење по Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештај и ревизија на усогласеност на Министерство за финансии - Функции на државата за 2023 година**

**Lënda: Mendim rreth Propozimit të raportit për revizionin e kryer të raportit financiar dhe revizionin e harmonizimit të Ministrisë së Financave – Funksionet e shtetit për vitin 2023**

**Врска:Ваш бр.11-115/23 од 20.05.2024 година**

**Lidhur me: Numrin tuaj 11-115/23, më datë 20.05.2024**

**Почитувани,**

Во врска со Нацрт извештајот за извршената ревизија на Финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерство за финансии - функции на државата, Министерство за финансии ги дава следните забелешки:

Во врска со констатацијата дадена во точка 3.1.1 која се однесува за одобрените средства во изнод од 22.320 илјади денари за одржување на системот за единствениот повикувачки број за итни ситуации Е-112, односно дека активностите за кои се потрошени средства од Тековната резерва не можат да се квалификуваат како непредвидени случаи, туку дека станува збор за несоодветно планирање на потребни

**Të nderuar,**

Në lidhje me Propozimin e raportit për revizionin e kryer të Raporteve financiare dhe revizionin e harmonizimit për vitin 2023 të Ministrisë së Financave – Funksionet e shtetit, Ministria e Financave jep vërejtjet e mëposhtme:

Në lidhje me konstatimin në pikën 3.1.1, që i referohet mjeteve të aprovuara në vlerë prej 22.320 mijë denarëve për mirëmbajtjen e Sistemit të numrit të vetëm të thirrjeve për situata urgjente E-112, përkatësisht se aktivitetet për të cilat janë shpenzuar mjete financiare nga Rezerva rrjedhëse, nuk mund të kualifikohen si raste të paparashikuara, por se bëhet


Министерство за финансии на/ Ministria e Financave e Република Северна Македонија/ Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255356
www.finance.gov.mk
МФРСМ. Ф.8.5/13-5/ MFRMV. F.8.5/13-5
издание 3 / botimi 3
MQS Partner of Quality Austria

средства од страна на Центарот за управување со кризи, укажуваме дека одобрените средства во тековната резерва (разновидни расходи) се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. Оваа можност, Министерството за финансии во текот на 2023 година ја искористило само еднаш, поради недоволно планирани средства кај Разделот 05004 – Центар за управување со кризи.

По однос на Прилог број 2, а во врска со наодот КИ, точка 4.1.1 која се однесува на препораката – одговорното лице на Министерство за финансии да преземе мерки и активности за доуредување на начинот на исплата на средствата од Буџетот на РСМ за финансирање на законските обврски на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на изборен процес.

Истовремено е утврдена констатацијата дека во Законот за извршување на Буџетот за 2024 година не е уредено дека за финансирање на активностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за изборниот процес ќе се користат средства од Раздел 090.02 – Функции на државата, Министерството за финансии ве известува за следното:

Одобрувањето на стредствата за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски се врши согласно член 76-г од Изборниот

fjalë për planifikim joadekuat të mjeteve të nevojshme nga Qendra e Menaxhimit të Krizave, theksojmë se mjetet e aprovuara në Rezervën rrjedhëse (shpenzime të llojllojshme) shfrytëzohen për raste të paparashikuara, për të cilat në buxhet nuk janë planifikuar mjete ose mjetet e aprovuara nuk janë të mjaftueshme. Këtë mundësi, Ministria e Financave e ka shfrytëzuar vetëm një herë gjatë vitit 2023, për shkak të mjeteve të pamjaftueshme në Ndarjen 05004 – Qendra e Menaxhimit të Krizave.

Sa i përket Shtojcës numër 2 dhe në lidhje me konstatimin RP, pika 4.1.1, që i referohet rekomandimit – personi përgjegjës i Ministrisë së Financave duhet të ndërmarrë masa dhe aktivitete për rregullimin e mëtejshëm të mënyrës së pagesës së mjeteve nga Buxheti i RMV-së për financimin e detyrimeve logjore të Agjencisë së Shërbimeve Mediale Audio dhe Audiovizuale gjatë procesit zgjedhor.

Njëkoshësisht, u përcaktua konstatimi se në Ligjin e Realizimit të Buxhetit për vitin 2024, nuk rregullohet aspekti se për financimin e aktiviteteve të Agjencisë së Shërbimeve Mediale Audio dhe Audiovizuale për procesin zgjedhor do të shfrytëzohen mjete nga Ndarja 090.02 – Funksionet e shtetit, Ministria e Financave, ju informon si në vijim:

Aprovimi i mjeteve për Agjencinë e Shërbimeve Mediale Audio dhe

законик, каде е утврдено дека за исполнување на законските обврски на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија, кои исплаќаат на посебна наменска сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и овие средства се наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборниот процес.

Имајќи предвид дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е буџетски корисник, а одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија се однесуваат на користењето на средствата во Буџетот (наменски, рационално, економично и ефикасно) од страна на буџетските корисници и единките корисници, Министерството за финансии не дефинира одредба во Законот за извршување на Буџетот на РСМ за исплата на средства за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во однос на точка 4.2. од нацрт извештајот, сметаме дека алинејата 5 е потребно да се преформулира, односно истата да гласи: „одобрен план од тековна резерва на износ од 31.545 илјади денари, а извршена исплата врз основа на одобрениот план на износ од 21.078 илјади денари."

Во однос на точка 4.4 од нацрт

Audiovizuale bëhet sipas nenti 76-g të Kodit Zgjedhor, ku përcaktohet fakti se për përmbushjen e detyrimeve ligjore të Agjencisë së Shërbimeve Mediale Audio dhe Audiovizuale, mjetet financiare sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut, që paguhen në llogarinë e veçantë të destinuar të Agjencisë së Shërbimeve Mediale Audio dhe Audiovizuale dhe këto mjete financiare janë destinuar veçanërisht për financimin e aktiviteteve të Agjencisë në fjalë gjatë procesit zgjedhor.

Duke pasur parasysh se Agjencia e Shërbimeve Mediale Audio dhe Audiovizuale nuk është shfrytëzuese buxhetore dhe dispozitat e Ligjit të Realizimit të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut i referohen shfrytëzimit të mjeteve nga Buxheti (në mënyrë të destinuar, racionale, ekonomike dhe efikase) nga shfrytëzuesit buxhetorë dhe njësitë shfrytëzuese, Ministria e Financave nuk definon dispozitë në Ligjin e Realizimit të Buxhetit të RMV-së për t'i paguar mjete Agjencisë së Shërbimeve Mediale Audio dhe Audiovizuale.

Sa i përket pikës 4.2. të propozimit të raportit, konsiderojmë se alineja 5 nevojitet të riformulohet, përkatësisht duhet të jetë si në vijim: "plani i aprovuar nga Rezerva rrjedhëse në vlerë prej 31.545,00 denarëve dhe pagesa e kryer në bazë të planit të aprovuar në vlerë prej 21.078,00 denarëve".

извештајот, во која е наведено дека е потребно да се интензивира меѓусебната комуникација и координација помеѓу Министерство за финансии, Државно правобранителство на РСМ и општина Карпош како солидарен должник, со цел реализација на активности за поврат на средства во Буџетот на РСМ, укажуваме дека Министерство за финансии при извршување на спецификации доставени од страна на Народна банка, изготвени врз основа на налози за извршување на извршителите со кои се задолжуваат сметки во рамки на Трезорската сметка единствено ги извршува истите, со оглед дека Трезорот при Министерство за финансии претставува посебен носител на платниот промет за буџетските корисници согласно Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 72/16, 142/16 и 233/18) и Упатството за начинот на извршување на налозите за извршување кои ја задолжуваат Трезорската сметка или Здравствената трезорска сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на Трезорската сметка или Здравствената трезорска сметка („Службен весник на РМ" број 171/10 и 55/13).

Согласно член 5 од Законот за државното правобранителство,

Sa i përket pikës 4.4 të propozimit të raportit, ku ceket se nevojitet që të intensifikohet komunikimi dhe koordinimi i ndërsjellë ndërmjet Ministrisë së Financave, Avokaturës së Shtetit të RMV-së dhe Komunës së Karposhit, si debitor solidar, me qëllim të realizimit të aktiviteteve për kthimin e mjteve në Buxhetin e RMV-së, theksojmë se Ministria e Financave gjatë realizimit të specifikimeve të dorëzuara nga Banka Popullore, të hartuara në bazë të urdhëresave të përmbarimit të përmbaruesve, me të cilat llogaritë debitohen në kuadër të Llogarisë së thesarit, e cila vetëm i kryen ato, duke pasur parasysh se Thesari i Ministrisë së Financave paraqet bartësin e veçantë të qarkullimit të pagesave për shfrytëzuesit buxhetorë, sipas Ligjit të Qarkullimit të Pagesave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonsië" numër 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 dhe 83/18), Ligjit të Përmbarimit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 72/16, 142/16 dhe 233/18) dhe Udhëzuesit për mënyrën e realizimit të urdhëresave të përmbarimit që e debitojnë Llogarinë e thesarit ose Llogarinë e Thesarit të Shëndetësisë, përkatësisht llogarinë e debitorit që është në kuadër të Llogarisë së Thesarit ose Llogarisë së Thesarit të Shëndetësisë ("Gazeta Zyrtare e RM-së" numër 171/10 dhe 55/13).

државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во имотно - правните односи.

Со оглед на тоа што Министерство за финансии не е вклучено во постапката за поврат на паричните средства, ниту пак располага со документација поврзана со предметот, за спроведување на истата надлежно е Државното правобранителство на РСМ.

Sipas nenit 5 6ë Ligjit të Avokaturës së Shtetit, avokati shtetëror dhe avokatët shtetërorë i mbrojnë të drejtat pronësore dhe interesat e Republikës së Maqedonisë dhe organeve shtetërore të themeluara me ligj para gjykatave dhe organeve të tjera në procedurat e marrëdhënieve pronësore dhe juridike.

Duke pasur parasysh që Ministria e Financave nuk është përfshirë në procedurën e kthhimit të mjeteve financiare dhe nuk e ka në dispozicion dokumentacionin lidhur me lëndën në fjalë, për zbatimin e procedurës në fjalë kompetente është Avokatura e Shtetit të RMV-së.

**Министер за финансии / Ministër i Financave**
**Dr. Fatmir Besimi**

Изготвил/Përpiloi: Arjeta Adili
Проверил/Verifikoi: Bari Iseni
Одобрил/Miratoi: Лилјана Ѓуровска/Тања Трипунова
Превел/Përktheu: Далибор Сандев
Контролирал превод/Kontrolloi përkthimin: Adriana Fejzullahu
Согласен/Pajtohet: д-р Јелена Таст

Прилог број 4

Одговор на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансискиот извештај и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерство за финансии – Функции на државата, за сметката на основен буџет (637) број 09-4894/1 од 18.06.2024 година од Др. Фатмир Бесими, министер за финансии, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-115/29 од 19.06.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на утврдената состојба во точка 1.1. содржана во Писмото до раководство, за одобрените и исплатените средства од МФ-функции на државата во корист на Центарот за управување со кризи за одржување на единствениот повикувачки број за итни ситуации Е-112 претставува **известување** за причините за настанатата состојба. Согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија и Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), Писмото до раководството се доставува до законскиот застапник на субјектот кој е предмет на ревизија, во кое се информира за состојби, наоди и констатации со помало значење, немаат влијание на мислењето и не се составен дел на ревизорскиот извештај, истите треба да се имаат предвид во натамошното работење заради нивно надминување, поради што не се доставуваат забелешки на Писмото до раководството, за што субјектот во текот на ревизијата беше информиран.

2. Забелешката дадена на коментарот на ревизорот во Прилог број 2 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија **не се прифаќа**, од причина што истата се однесува на статусот на дадената препорака содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 1-990/5 од 10.11.2022 година за МФ – функции на државата која е „не спроведена“.

3. Забелешката на утврдената состојба во **точката 4.2. алинеја 5,** претставува предлог за преформулирање на наодот и наместо „исплата на средства во износ од 31.545 илјади денари“ се предлага да се замени со „одобрен план од тековната резерва на износ од 31.545 илјади денари, а извршена исплата врз основа на одобрениот план во износ од 21.078 илјади денари“' **не се прифаќа,** бидејќи констатираната состојба се однесува на вкупните средства што Владата со одлуки ги одобрила да се исплатат од разделот на МФ-Функции на државата за 2023 година, а кои не се објавени во

Службен весник на Република Северна Македонија.

4. Забелешката на констатираната состојба **во точка 4.4** ., која се однесува на потребата од интензивирање на меѓусебната комуникација и координацијата помеѓу Министерството за финансии, Државното правобранителство и Општина Карпош како солидарен должник по основ на судска пресуда, со цел поврат на средствата во Буџетот, претставува **известување** со образложение на надлежностите на Министерството за финансии и Државното правобранителство во случај на судски постапки, кои состојби овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата.